РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

| Примено: 18 12 2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 617/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-91/9

07. 12. 2020 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 9 седница одржана на 30.11.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки", од прв циклус академски студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерски науки", од прв циклус академски студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран инженер по компјутерски науки, VI А (НРК) /во меѓународен промет академски назив: Bachelor in computer science VI A (NQF)

4. Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Техничко - технолошки науки

Научно – истражувачко поле Информатика (1.10) Компјутерска техника и информатика (2.12) Телекомуникационо инженерство (2.24) :;

Научно – истражувачка област: 11000 Информатика , 11001Теорија на системи и контрола 11002 Информациски системи и програмирање, 11003 Програмски јазици и системи , 11004 Нумеричка анализа , 11005 Вештачка интелигенција , 11006 Сметачки интегрирани методи и апликации , 11007 Алгоритми , 11008 Оптимизација , 11009 Симулација , 11010 Развивање на софтвер и бази на податоци 11011 Друго , 21200 Архитектура на сметачки системи , 21201 Програмски јазици и технологии , 21202 Информациони системи и мрежи , 21203 Бази на податоци 21204 Обработка на информации , 21205 Вештачка интелигенција и системи , 21206 Процесирање на податоци , 21207 Организација и методологија на проектирање на сметачки системи , 21208 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 80 редовни студенти, 20 редовни со кофинансирање и 20 вонредни.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 0201 - 306/59 од 20.05.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студенската програма „Компјутерски науки" од прв циклус академски студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 91/1 од 10.07.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 6-та седницата одржана на 26.08.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 91/6 од 02.12.2020 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 9-та седница одржана на 30.11.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски